( Образец ПП……)  I 0306-180/1 23.03 21

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО

| Примено: | 24.03.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 16 | 124/1 | / | / |

**До: Општина Градско, ул. „Александар Македонски“ бр. 70А, 1420 Градско**
**(имател на информацијата)**

# Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

(се наведуваат податоци за

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Доставете ни информација за опфат на територијата на општината со водоводна мрежа во 2020 година? Доставете ни информација во проценти или километри квадратни.
2. Доставете ни информација за опфат на територијата на општината со водоводна мрежа во последните 5 години? Доставете ни информација одделно по години, во проценти или километри квадратни.
3. Доставете ни информација дали општината има самостојно основано јавно претпријатие за водоснабдување или има основано јавно претпријатие за водоснабдување заедно со други соседни општини? Доколку општината има основано јавно претпријатие за водоснабдување со други општини, доставете ни информација со кои општини е основано ваквото јавно претпријатие.
4. Доставете ни информација колку денови имало прекин во водоснабдувањето во последните 5 години? Доставете ни информација одделно по години.
5. Доставете ни информација за опфат на територијата на општината со канализациона мрежа во 2020 година? Доставете ни информација во проценти или километри квадратни.
6. Доставете ни информација за опфат на територијата на општината со канализациона мрежа во последните 5 години? Доставете ни информација одделно по години, во проценти или километри квадратни.
7. Доставете ни информација за извршени зафати за санација на дефекти на водоводната и канализационата мрежа во последните 5 години? Доставете ни информација одделно по години.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**

- д) друго ________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во 23.03.2021 година .**